РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-1092/4
08-05-2019

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на тринаесеттата седница одржана на ден 03 мај 2019 година донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност за натамошно постапување во предметот со број 09-1092/1 од 07.03.2019 година, поради промена на фактичката состојба, односно одговорното лице на Агенција за електронски комуникации (АЕК), Петар Ивановски кое извршило избор за вработување на лицето Бојана Гошева, не ја извршува повеќе функцијата Директор на АЕК.

Предметот со број 09-1092/1 од 07.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-1092/1 од 07.03.2019 е оформен врз основа на добиени сознанија од медиумите во Република Северна Македонија, а се однесува за утврдување постоење судир на интереси во постапка за вработување во АЕК за лицето Бојана Гошева, ќерка на Елена Гошева, поранешен Претседател на Уставен суд на Република Северна Македонија.

По добиени сознанија, од медиумите во Република Северна Македонија, Државната комисија за спречување на корупцијата заклучи, согласно член 76 став 1 и 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по службена должност, да иницира и да поведе постапка за утврдување постоење судир на интереси за лицето Бојана Гошева.

Државната комисија за спречување на корупцијата се обрати до АЕК, со цел прибирање на документи, податоци и информации заради утврдување на фактичката состојба и испитување на наводите од медиумите за постоење на состојба на судир на интереси.

Побараните податоци од наведената институција беа уредно доставени, согласно законскиот рок.


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

На седницата одржана на ден 03 мај 2019 година, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека работното место каде е вработено лицето Бојана Гошева е предвидено со Одлука за објавување на јавен оглас за вработување со бр.02-3238/1 од 10.07.2009 година, но во објавениот јавен оглас не е наведено конкретното работно место и исто така, не е спроведена уредна и транспарентна постапка, односно тогашниот директорот на АЕК, Петар Ивановски извршил избор без формирање на комисија за селекција, без спроведување на интервју и без подготовка на ранг листа, користејќи ги своите дискрециони права и овластувања.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија утврди дека постојат индиции за влијание од страна на Елена Гошева, поранешен Претседател на Уставен суд на Република Северна Македонија при постапката за вработување на блиско лице, во конкретниот предмет, но поради промена на фактичката состојба, односно одговорното лице на Агенција за електронски комуникации (АЕК), Петар Ивановски кое извршило избор за вработување на лицето Бојана Гошева, не ја извршува повеќе функцијата директор на АЕК, ДКСК нема надлежност за натамошно постапување.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk